Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-354/4
14-06-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-354/1 од 3.4.2024 година поднесена од [redacted], против [redacted] за извршена дискриминација врз основ на сексуална ориентација и семејна или брачна состојба во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 31.5.2024 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на сексуална ориентација и семејна или брачна состојба во областа на пристап до добра и услуги од страна на [redacted] врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-354/1 од 3.4.2024 година, од [redacted] за сторена дискриминација врз основ на сексуална ориентација и семејна или брачна состојба во областа на пристап до добра и услуги, од страна на [redacted]

Согласно наводите од претставката, подносителката го исконтактирала спа центарот со барање за информации во однос на цените на поединечните услуги кои ги нуди спа центарот, при што по контактирањето преку социјалната мрежа Вибер, од страна на спа центарот ѝ бил испратен ценовник за користење на спа и масажи. По разгледувањето на ценовникот, подносителката на претставката за заштита од дискриминација увидела дека на ценовникот постои пакет за двајца, т.н. „couples" пакет. Оттука, наведува дека повторно исконтактирала со спа центарот со цел да резервира термин, при што во текстуалната порака која ја испратила навела дека станува збор за 4 другарки кои би сакале да искористат 2 пакета за спа и масажа за двојки – „couples" пакет. На конкретното барање, на подносителката ѝ било одговорено дека пакетите за двајца се само за парови и по телефонски разговор со менаџерката, било наведено дека спа центарот како љубовен пар определувал само пар кој се состоел од маж и жена, со тоа што во конкретниот случај подносителката била упатена заедно со наведените другарки да си резервираат поединечни пакети.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 11.4.2024 година испрати Известување бр. 08-354/3 за произнесување по наводите од претставката до [redacted] Centar).

Ценејќи го фактот дека потенцијалниот дискриминатор го примил Известувањето за произнесување по наводите од претставката за заштита од дискриминација на 15.4.2024 година, при што пропуштил да се произнесе и по истекот на дадениот законски рок од 15 дена од приемот на ваквото известување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при носењето на ова Мислење ги ценеше само наводите на подносителката на претставката.

Оттука, земајќи ги предвид наводите во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на [redacted] врз подносителката [redacted]

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Оттука, Комисијата утврди дека во конкретниот случај не е сторено веројатно тврдењето за сторена дискриминација врз основа на сексуалната ориентација и семејната или брачна состојба на подносителката, имајќи предвид дека од фактичката состојба приложена во самата претставката за заштита од дискриминација, подносителката наведува дека кон спа центарот пристапила со барање за резервирање на термини за 4 другарки, а не за 2 истополови парови. Следствено на ова, Комисијата констатира дека во случајот на подносителката не станува збор за нееднаков третман или оневозможување пристап до добрата и услугите кои ги нуди спа центарот врз основа на нејзината сексуална ориентација и семеен или брачен статус, имајќи го предвид фактот дека подносителката на претставката не воспоставила врска помеѓу наведените дискриминаторски основи и понеповолната положба во која таа била ставена согласно наводите од претставката.

Имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека кон подносителката Гордана Несторовска била сторена дискриминација врз основ на сексуална ориентација и семејна или брачна состојба. Оттука, согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
14.6.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
-